Во врска со вашето Барање мислење а кое се однесува на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалаци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и др. на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1 КО Мороишта, општина Струга (**наш број 68-11223/1 од 01.11.2022**), врз основа на член 11 став 1, точка 5, а во врска со член 17 од Законот за управување со светското природно и културното наследство на Охридскиот регион (Сл.Весник на РМ бр. 75/10), Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион го дава следното

М И С Л Е Њ Е

По разгледување на пристигнатиот корегиран Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и друго, на КП 1063/14, 1063/15,

1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга како и доставениот одговор од проектантите „Чип Гроуп" Дооел Скопје по дадените забелешки од Комисијата за управување природното и културното наследство на Охридски Регион, констатирано е дека е постапено по сите забелешки и постапката може да се продолжи.

Со почит,

Комисија за управување со светското
природно и културно наследство во Охридскиот регион,
м-р Зоран Павлов
претседател

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-РЕПУБЛИКА Е МАQЕДОНИСЕ ВЕРИУТ • МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА-MINISTRIA E KULTURËS • СКОПЈЕ-SHKUP

Подготвил: З.Павлов,

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ
– ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба на лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, КО Мороишта,

ОПШТИНА СТРУГА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y22621

Скопје, септември 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба на лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, КО Мороишта,

ОПШТИНА СТРУГА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Струга

Тех.бр. Y22621

Раководител на задачата:
Зоран Цветановски, д.и.з.ж.с.

Координатор:
Срѓан Дурлевиќ, д.ш.и.

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, д.и.а.

Агенција за планирање на просторот

Директор

_____

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, септември 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
за изградба на лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, КО Мороишта
ОПШТИНА СТРУГА

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај, **Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и др. на КП 1063/14, КП 1063/15, КП 1063/16, КП 1063/17, КП 1063/18, КП 1063/19, КП 1063/20, КП1063/22, КП 1063/23, КП 1063/24, КП 1063/25, КП 1063/26, КП 1063/27, КП 1063/28, КП 1063/29 и дел од КП 1063/1 во КО Мороишта, Општина Струга. Површината на планскиот опфат изнесува 2,31 ha.**

Во непосредна близина на планскиот опфат имаме издадено Услови за планирање на просторот за изработка на генерален урбанистички план на Град Струга, Општина Струга со тех.бр. Y13118i.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на Република Македонија, број 75/10), Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на Република Северна Македонија, број 45/20), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Организација.

Предметниот опфат се наоѓа во заштитна зона на аеродромот Св.Апостол Павле Охрид.

Локацијата се наоѓа во границите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион. “Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион” кој што претставува разработка на “Просторниот план на Република Македонија”, го донесе Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 11.02.2010 година.

Просторниот план е еден од основните инструменти за имплементација на принципите на одржливиот развој преку планските решенија за организација, заштита и уредување на просторот, во услови на комплексна социополитичка и економска трансформација на општеството и нагласена грижа за заштита на животната средина. Планот претставува долгорочен, интегрален, развоен документ, кој ја дефинира просторната организација на Регионот, целите и концепциите на просторниот развој на одделни области и условите за нивна реализација.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции

и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.** Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.


Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Чувствителноста на просторот, високата вредност на природните и создадени вредности на Охридско-Преспанскиот регион наметнуваат потреба во планските решенија, посебно внимание да се посвети на:

- Унапредувањето и заштитата на животната средина;
- Заштита на Охридското и Преспанското Езеро како светско природно наследство;
- Заштита на Регионот како светско културно наследство;
- Зачувување на еколошките вредности, функции и биолошкиот диверзитет во областа на Преспа парк;
- Интегрална заштита на природната просторна целина на Националните паркови, спомениците на природата (Галичица, Пелистер, Јабланица, Охридско Езеро, Преспанско Езеро) и други категории на природни богатства.

Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Условите за планирање на просторот во КО Мороишта, Општина Струга. Предметната локација се наоѓа западно од населено место Мороишта на надморска височина од 696 метри.

Предметната локација припаѓа на зона во која постојано биле присутни интензивни промени во напонската состојба на земјината кора и интензивни тектонски движења. Современата тектонска активност претставува продолжение на осцилаторните движења на поедините блокови меѓусебно поврзани, која активност и денес се чувствува низ почестата сеизмичка активност на поедини делови од ова подрачје. Долината на река Црн Дрим и Охридското Езеро со крајбрежјето се смета за еден од сеизмички најактивните региони на Балканот, а интензитетот на максимално очекуваните потреси е до 8^0МКС.

Климата во ова подрачје е **изменето умерено континентална,** модифицирана во посебна клима на локалното подрачје условена од присуството на езерото. Температурите се поконстантни со мали колебања и осцилации поради што летата се пријатни и топли со свежи ноќи, а зимите се студени но слабо изразени. Есента е значително потопла од пролетта, а релативната влажност е зголемена и преку цела година изнесува околу 74%.

Во зима ветровите се најчесто од север, а во лето од југ со максимална јачина од 12 бофори, а честотата на ветровите е: од Север 133‰ од Југ 132‰ од Северо исток 109‰ Југозапад 93‰ и Северозапад 78‰, од останатите правци е незначителна.

Просечната годишна температура во регионот изнесува 11,4^{0}C, а апсолутно минималната -20^{0}C.

Просечната годишна количина на врнежи изнесува 788,5mm, првиот снег се јавува кон 15 декември, а снежната покривка се задржува просечно 24 дена, бројот на мразни денови е 144. Просечно годишно има 4 дена со магла и 15 дена со град. Просечно годишно има 103 ведри дена, 174 облачни и 88 тмурни денови.

Податоците се од мерна станица Струга.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот припаѓа на планскиот опфат на Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион заради што е неопходно при изработката и реализацијата наменети за изградба на лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и др. **да се почитуваат и определбите на овој Регионален план во областа на Економските основи на просторниот развој на Регионот.**

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Струга со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Развојните полови како поврзани единици во некаква “линија” ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично. Во денешно време доминантно значење имаат деловните односи, комуникациите како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за Општината Струга на чиј простор припаѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот се “Северната” и “Јужната развојна оска”. По Втората светска војна до денес, во северниот и западниот дел на државата, се формирала оската која би можела да се нарече “Северна” и која ги поврзува градовите: Крива Паланка - Куманово - Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Охрид - Струга. Во современите промени, оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил-Р Бугарија и на запад кон Елбасан- Р Албанија.

Во Р Македонија постои и оската која би можела да се нарече “Јужна” која што досега е ретко споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан - Р Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на државата.

Насочувањето на организацијата, намената и функциите на производните и услужни дејности во просторот на Охридско-преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси. Врз овие основи, поттикнување на економскиот и севкупен развој на Регионот, може да се оствари со селективна алокација на инвестициите, подобра сообраќајна поврзаност, со комунално опремување и изградба на објекти на општествен стандард, со даночната и кредитна политика, со политика на зголемување на инвестициите итн. Примат во планираниот развој на вкупната економија на Регионот треба да добие и разместеноста на економските дејности во насока на порамномерен развој и алокација на економските активности со цел поттикнување на развојот на недоволно развиените подрачја и пограничните населени простори.

Во просторно планерскиот процес според методологијата и практиката, релевантна е просторната димензија на развојот на економијата. Регионалниот просторен план содржи концепт на планиран просторен економски развој поставен врз валоризација на основните фактори на развој, особено поттикнувачките развојни фактори (“човечкиот капитал” и технолошкиот прогрес) кои објективно претставуваат значаен сегмент на одржливиот развој на просторот и негово активирање и уредување во функција на идниот просперитет на регионалната и национална економија.

Генеративниот ефект на овој пристап е создавање поопративен плански концепт кој дава насоки и определби кои ќе се преточат во приоритети и акции на развојната политика на локалната самоуправа, како клучен субјект во остварувањето на целите утврдени со Просторниот план на Регионот и секако во синергија со мерките и инструментите на економската политика на ниво на државата.

Со насоките и определбите за ораганизација и уредување на просторот со работна функција и алокација на производните и услужни капацитети, треба да се обезбеди економски просперитет на населението и населбите како во урбаните така и во руралните подрачја на Регионот. **Развојот на економијата се насочува кон алоцирање на производни технологии коишто не се во конфликт со режимот на заштита на овие простори. Со цел да се оствари поголема рационалност во користењето на просторот и избор на најоптималната локација за производните дејности потребно е со Физибилити студија да се утврди економската оправданост за изборот на простор наменет за стопански дејности.**

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и

создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализацијата за изградба на лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода преработка на градинарски производи и овошје, тутун и др. во КО Мороишта, Општина Струга, со површина од 2,31 ha ќе биде во функција на развој на локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Ускладување на обемот и начинот на користење на земјоделското земјиште со природните и почвените услови на соодветниот реон;
- Запирање на тенденциите на стихијна пренамена на земјоделските површини во непродуктивни, особено во приградските опкружувања и заштита на земјоделското земјиште како главен предуслов за ефикасно остварување на производните функции;
- Зголемување на економската ефикасност на аграрниот сектор и натамошно интензивирање на овоштарството со посебен акцент на јаболкопроизводството како доминантна земјоделска гранка;
- Искористување на компаративните предности на регионот и одделните микрореони за поголем степен на финализација и рестартирање на преработувачките капацитети и нивно задоволување со суровини и ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање на програмата за макро и микрореонирање на земјоделското производство за рационално искористување на природните ресурси;

- Спречување на деградацијата на педолошкиот слој и подобрување на неговите производни својства, зголемување на обработливите површини на терените каде постојат услови, како и максимално можно интензивирање на земјоделското производство;
- Иницирање на широка кампања за едукација, маркетинг и мотивација на земјоделските производители за примена на биотехнологии и еколошки ѓубрива.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Големоезерскиот реон поделен на 3 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Р. Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на природното богатство - водата, а со тоа и подобрување на квалитетот на живеење.

Со цел точно да се согледаат расположивите и потребните количини на вода во Републиката согласно Просторниот план на Р. Македонија во трите основни сливови на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП „Полог”, „Скопје”, „Треска”, „Пчиња”, „Среден Вардар”, „Горна Брегалница”, „Средна и Долна Брегалница”, „Пелагонија”, „Средна и Долна Црна”, „Долен Вардар”, „Дојран”, „Струмичко - Радовишко”, „Преспа”, „Охридско - Струшко” и „Дебар”.

Просторот на кој се предвидува изградба на стопанскиот комплекс во КО Мороишта, општина Струга, припаѓа на водостопанското подрачје (ВП) „Охридско - Струшко" кое го опфаќа сливот на Охридско Езеро од македонска страна и сливот на реката Црн Дрим од истекот на Охридско Езеро до профилот на ХЕ „Глобочица".

На територијата на Р. Македонија регистрирани се вкупно 4.414 извори, од кои со штедрост поголема од 100 л/сек регистрирани се 58. Во сливот на Црн Дрим со Охридско Езеро регистрирани се 7 значајни извори од кои Свети Наум достигнува капацитет и над 10 м^3/сек, Вевчанскиот е со капацитет над 1,5 м^3/сек, а со својата штедрост значајни се Билјанините и Летничките извори.

Согласно Просторниот план на Република Македонија, основна цел во развојот на водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода до потрошувачите.

Во општината Струга градот и околните села се водоснабдуваат од Струшкиот водоснабдителен систем.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за стопанскиот комплекс потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Оформување на заштитни зони околу изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните (доколку се користи независен изворник, односно објектот не се приклучи на водоснабдителен систем на градот);
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Спречување парцијални решенија кои ќе го отежнуваат или оневозможуваат развојот на нови водостопански решенија;
- Рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во системот за водоснабдување;

Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на водите. Од 1988 год. во функција е системот за заштита на Охридското Езеро од комунални отпадни води. Отпадните води од стопанскиот комплекс да се приклучат на колекторот за заштита на Охридското Езеро. Доколку не постојат услови за приклучување, отпадните води мора да бидат подложени на соодветен третман на пречистување пред да се испуштат во реципиентот, односно нивниот квалитет да биде доведен во согласност со критериумите дефинирани со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

За **наводнување** на обработливите површини во В.П "Охридско Струшко" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4.002 ха., а за планскиот период до 2020 год. се предвидува проширување за нови 11.250 ха.

При изработка на планската документација за стопанскиот комплекс да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за нзводнување и одводнување на Струшко Поле и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нејзина заштита и непречено функционирање и одржување.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата **за Лесна индустрија, КО Мороишта** нема конфликт со постојните и планирани преносни и дистрибутивни водови. Така трасата на планираниот преносен 400 kV далновод од Битола-2 кон Албанија ќе минува на 2,7 km северно а постојниот преносен 110 kV далновод Глобочица-Струга минува на 0,8km југоисточно **од локацијата оваа локација**.

Гасовод и нафтовод - **Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Републиката. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-С.Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изградат делницата-7 Кичево-Охрид и делницата-17 Охрид-Струга-Ќафасан со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасите на планираните гасоводи од делница-7 и делницата-17 сеуште не се точно утврдени.

Со Просторниот план на Република Македонија планиран е нафтоводот АМБО (Балкански нафтовод-продуктовод Бургас-Драч) кој низ РС Македонија ќе поминува низ Крива Паланка, Куманово, Скопје, Велес Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга. Но заради заштита на Охридското Езеро, сливните подрачја на постојните и планирани акумулации, на површинските водотеци и за заштита на природните реткости и други стратешки простори, предложен е нов порационален коридор.

Новопредложениот коридор на АМБО во Републиката почнува од Деве Баир на Македонско-Бугарската граница продолжува кон Крива Паланка - Свети Николе - Велес - Крушево - Богомила - Сопотница - Ботун и кај Лакаица влегува во Албанија. Овој коридор е усвоен на осумдесет и шестата седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24.05.2004 год. Точниот коридор на нафтоводот ќе биде дефиниран со изработка на урбанистичката и проектна документација. Трасата на к**оридорот на планираниот Нафтовод АМБО минува на 2,7km северно од оваа локација.**

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите

на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во Општина Струга на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 63.376 жители, од кои 25.1% претставува расположива работна сила, како значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Просторниот план се залага за концепт на интегрален и полифункционалниот пристап во организација и уредување на руралните простори, како појдовна основа за развој и унапредување на квалитетот на живеењето, при што приоритетна **задача** претставува целосното активирање на расположивите потенцијали, релевантни за развој на стопанството, кои ќе бидат искористени за создавање на систем за ефикасно организирано пазарно стопанисување.

Еден од главните индикатори за проекција на идните сообраќајни потреби, како и за утврдувањето на капацитативните можности и димензионирање на патната мрежа е и порастот на парцијалниот степен на моторизацијата.

Изградбата на лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и др. во КО Мороишта, Општина Струга, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните одредби и цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во **Просторниот план на Р.Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион:**

- Интензивирање на позитивните форми на трансформација и социо-економски развој на селото преку оптималното искористување на

ресурсите и зголемена динамика на економскиот развој, во согласност со современите принципи на пазарното стопанство;

- Зголемување на нивото на економската и социјалната згриженост, со непосредно влијание врз зголемувањето на мотивираноста на селското население и искажување на траен интерес за опстанок во матичната средина, целосна афирмација на сите аспекти на живеење и стопанисување во руралната средина и создавање на неопходна економска и социјална сигурност;
- Зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво.
- Обезбедување на услови за ефикасно сообраќајно поврзување, планско уредување и екипирање на селските населби со елементи на комунална инфраструктура и неопходни функционални содржини подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура;
- Порационална организација на населбите врз основа на дефинирање на специфичните развојни потреби;
- Стимулирање на целта за задржување на населението во матичната средина преку афирмација на најбитните аспекти на живеењето и стопани-сувањето, компаративните погодности за развој и неопходна социјална и економска сигурност;
- Запазување и афирмирање на културните и природните особености и вредности и квалитетот на животната средина;

При изработка на планската документација да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај.

Домување

Од неколкуте основни функции во населбите, **домувањето** е најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Во просторно-планските документи домувањето често се набљудува како последица на промените во другите развојни сфери. Примената на концепцијата на полицентричен развој го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, особено битно за неразвиените подрачја како нови жаришта на развој.

Бидејќи вложувањето во станбената изградба чини голем дел од приходот на секое домаќинство без стан, очигледно дека во услови на рационално работење и се поостра економска конкуренција, станбеното прашање на работниците, како и

оние кои бараат вработување станува се поважна развојна околност. Порастот на цената на станбената изградба и одржување ќе влијае на промена на просторната стратегија на развој на голем број претпријатија кои ќе бидат принудени да ги лоцираат своите погони таму каде веќе постојат работници со решено станбено прашање.

Просторното разместување на новите стопански претпријатија треба да се базира на постоечкиот станбен фонд во помалите населби и нивните технологии во склад со квалификационата структура на населението на таквите подрачја. На тој начин, постоечкиот станбен фонд, како една од почетните развојни ресурси на овие населби станува поттик за јакнење на постоечките и создавање на нови центри, на развој во функција на полицентричен развој.

Во тој контекст оваа иницијатива за изработка на **Условите за планирање на просторот наменети за изградба на лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, КО Мороишта, Општина Струга**, го поддржува концептот, кој нуди **квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- Усогласеност со системот на населби во регионот;
- Достапност на функциите до сите граѓани на регионот;
- Воедначен квалитет на пружените услуги;
- Поттикнување на локална самоиницијатива, активно учество на граѓаните;
- Можност на избор на вид и модалитет на услуги и прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики.

Развојот на стопанството и системот на населби, економскиот развој, зголемување на степенот на вработеност и севкупната урбанизација на просторот го условува порамномерниот развој на јавни функции, како *потреба за поголем избор на занимања, потреба од соодветно образование, како и остварување на здравствена и социјална заштита.* Мотивите, интересите и инвестиционите критериуми на приватните инвеститори, различните фондации и други непрофитни асоцијации се исто така значајни за организирање на јавните функции.

Предложената локација изработка на **Условите за планирање на просторот наменети за изградба на лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, КО Мороишта, Општина Струга**, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за

организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Согласно планските определби на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значајна област за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на производните дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Во економската развојна структура на Регионот и поодделните општини, индустрискиот сектор е еден од клучните сегменти кој треба да биде насочен кон модернизација, висока технологија и поврзаност со другите области од економијата. Од аспект на просторното уредување во наредниот плански период неопходни се организациски и структурни промени насочени кон воспоставување поголема рационалност во користењето на расположивиот простор за стопанска намена, набавка на модерна технологија, воведување на ефективна организација и раководење, освојување нови пазари и протежирање на незагадувачки индустрии со компаративни предности во Регионот: природни ресурси, положба, инфраструктурна опременост, способни работници, пазар, капитал и традиција кои се препознатливи во вкупната физиономија на подрачјето.

Намалувањето или елиминирањето на негативните влијанија на индустријата врз животната средина подразбира развој на нови процеси и технологија на производство и модификација на еколошките перформанси на готовите производи. Расположивите показатели за развојот и разместеноста на индустриските капацитети во Регионот кој се карактеризира со богата хидрографија на сливно подрачје и обележје на туристички простор со национално и меѓународно значење, упатуваат на потребата за воспоставување превентивен пристап во заштитата на животната средина, особено поголем степен на заштита на квалитетот на водите во Регионот. Превенцијата ќе биде насочена на изборот за видот на индустрискиот капацитет согласно законската регулатива за влијанијата врз животната средина и воведување перманентен мониторинг за еколошките влијанија на постојните производно-технолошки процеси на индустриските капацитети лоцирани во Регионот.

Во наредниот плански период индустрискиот развој се насочува кон градба на мали и средни капацитети кои имаат висока флексибилност, овозможуваат повеќенаменско користење на технологијата, производни искуства и знаења, даваат голем придинес во вработувањето, имаат помали трошоци на работење, а со тоа поголема конкурентност на производите.

Врз овие основи, развојот на индустриските дејности во наредниот плански период треба да се темели на воспоставување постојан мониторинг за влијанијата врз животната средина и преземање на превентивни мерки за спречување на потенцијалниот ризик.

Развојот на индустријата се очекува да биде застапен во сите општини, да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор, што ќе влијае врз зголемување на вработувањето на расположивата работна сила, подобрување на условите за живеење и повисок стндард на граѓаните во регионот.

Во услови на пазарна алокација на инвестициите, менаџерските одлуки имаат решавачко значење во одредувањето на потребите и можностите за заокружување или за дисперзијата на постојните капацитети, но и за изградба на нови. Додека државата со плански и организиран начин на ширење на инфраструктурата и на други услови за локација на производни капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор, обезбедува основи врз кои може да се очекува во периодот до 2020 г. во Регионот да се остварува дисперзија на индустријата.

Според валоризација на потребата за обезбедување простор за сместување и алокација на стопански капацитети со производна и комплементарна дејност, како определба со овој концепт се предлага следната структура на идната просторна дистрибуција на стопанските, односно индустриските капацитети:

НАСЛОВ УПВОУП СО НАМЕНА Г2.2 - ЛЕСНА ФАРМАЦЕВТСКА ИНДУСТРИЈА И ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА, МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ КОНДИТОРСКИ ПРОИЗВОДИ, БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ, ВОДА, ПРЕРАБОТКА НА ГРАДИНАРСКИ ПРОИЗВОДИ И ОВОШЈЕ, ТУТУН И ДРУГИ НА КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 И ДЕЛ ОД КП 1063/1 КО МОРОИШТА, ОПШТИНА СТРУГА

ТЕХ.БР. 10-03/21

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА миа

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065	М = 1:2500	ДЕКЕМВРИ 2022	7

2 ПЛАНСКИ ДЕЛ

2.1 Проектна програма

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Г2.2 – ЛЕСНА ФАРМАЦЕВТСКА ИНДУСТРИЈА И ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА, КОНДИТОРСКИ ПРОИЗВОДИ, БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ, ВОДА, ПРЕРАБОТКА НА ГРАДИНАРСКИ ПРОИЗВОДИ И ОВОШЈЕ,ТУТУН И ДРУГИ НА КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/171063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 И ДЕЛ ОД КП 1063/1 КО МОРОИШТА, ОПШТИНА СТРУГА, со површина од 2,31 ha

ВОВЕД

Согласно член 58 став 6 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.32/20), урбанистички проект (УП) може да се изработува и за поединечни градби и инфрастаруктури од државно и локално значење вон населени места за простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап.

Во таков случај УП се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

Изработката на **Урбанитички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на кп 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/171063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од кп 1063/1 КО Мороишта, Општина Струга**, со површина од 2,31 ha е во согласност со член 59 став 6 точка 13 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 32/20, како и член 58 став 3 и 4 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20) може да се уредуваат други поединечни градби вон опфат на урбанистичките планови.

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на објекти со што ќе се овозможи реализирање на инвестициските планови на подносителите на иницијативата за нејзина изработка.

ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат на **Урбанитички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на кп 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/171063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од кп 1063/1 КО Мороишта, Општина Струга**, со површина од 2,31 ha се наоѓа источно од ГУП

на Град Струга - УЕ 12 (индустриска зона), односно во негова непосредна близина.

Пристапот ќе се обезбеди од западна страна од постоен локален пат кој што подолжно граничи со катастарските парцели.

Границите на планскиот опфат се следни:

- На **север** граничи со дел од КП 1264, скршнува надолу по дел од КП 946 и продолжува по делови од КП 968/1 и КП 969, КО Мороишта,
- На **исток** се движи по границата со КП 1063/2, КО Мороишта,
- На **југ** граничи со дел од граница КП 1068, скршнува нагоре, па кон лево по границите на КП 1063/10 и КП 1063/11, КО Мороишта,
- На **запад** ја сече и поминува низ дел од КП 1063/1 и продолжува по границата со КП 1063/13 и КП 1063/8, КО Мороишта.

Прекршните точки на проектниот опфат се со следните координати:

1.	X=7473917.6800 Y=4562041.8300
2.	X=7473882.3400 Y=4562041.8300
3.	X=7473878.5600 Y=4562041.8300
4.	X=7473875.4900 Y=4562054.9200
5.	X=7473874.0700 Y=4562060.9600
6.	X=7473864.3500 Y=4562059.6300
7.	X=7473836.4700 Y=4562055.8600
8.	X=7473807.6000 Y=4562051.9600
9.	X=7473783.2100 Y=4562048.6300
10.	X=7473780.0600 Y=4562048.2000
11.	X=7473753.5400 Y=4562044.5500
12.	X=7473734.7500 Y=4562041.9600
13.	X=7473716.3500 Y=4562039.4300
14.	X=7473698.3700 Y=4562036.9600
15.	X=7473683.8600 Y=4562034.9600
16.	X=7473680.7700 Y=4562034.4800
17.	X=7473681.3900 Y=4562016.6300
18.	X=7473683.2807 Y=4561962.3050
19.	X=7473811.2200 Y=4561984.1600
20.	X=7473813.6500 Y=4561959.2400
21.	X=7473815.9505 Y=4561935.6547
22.	X=7473842.0000 Y=4561939.6500
23.	X=7473853.4700 Y=4561941.8100
24.	X=7473891.1300 Y=4561948.9000
25.	X=7473929.5400 Y=4561956.1300
26.	X=7473939.5600 Y=4561958.0200
27.	X=7473964.9300 Y=4561962.8600
28.	X=7473979.5200 Y=4561965.6500
29.	X=7473958.4900 Y=4561991.5600
30.	X=7473941.0300 Y=4562013.0700
31.	X=7473926.9200 Y=4562030.4500

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаната граница на проектниот опфат изнесува 23.096,83 м^2 (2.31 ха).

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Просторот во рамки на проектниот опфат на на **Урбанитички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на кп 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/171063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од кп 1063/1 КО Мороишта, Општина Струга**, со површина од 2,31 ha, треба да се разработи како комплекс од градби со намена Г-рударство, енергетика индустрија т.е. во градежната парцела треба да се утврди простор определен со градежни линии во кој можат да се поставуваат повеќе градби – за планираната намена за производство на фармацевтски производи, производство на храна, кондиторски производи, безакохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи , овочје тутун и други производи, ќе овозможат да се реализираат инвестициските планови на инвеститорите на катастарските парцели.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20), се планира следната поединечна намена:

Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други.

Во **Планскиот дел** од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри, внатрешни сообраќајници и партерно решение со хортикултура.

Покрај ова, потребно е решавање и на сообраќајниот пристап и стационарниот сообраќај. За предметната градежна парцела, имајќи ја во предвид предметната поединечна намена, а согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20) за групата на класи на намена „Г - ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА - Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела“, во овој урбанистички проект треба да се планираат максимум 5 паркинг места за моторни возила, во рамки на сопствената парцела.

Проектниот дел на урбанистичкиот проект да содржи идеен проект за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонска.

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Заради производниот процес на во планираните градби, неоходно потребно е да има приклучок на водоводна мрежа, приклучок на дистрибутивната електро мрежа, фекална, гасоводна мрежа.

ИНВЕСТИТОР:
АРБЕН ОДА



2.2 Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и комунална инфраструктура

Податоците за постојниот изграден градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и комуналната инфраструктура се детално дадени во точките 1.5 и 1.7 од документационата основа на урбанистичкиот проект.

2.3 Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение

Основа за изработка на овој **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга,** претставуваат добиените Услови за планирање на просторот.

Изработката на предметниот **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга,** е во согласност со 59 став 6 точка 13 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.32/20), како и член 58 став 3 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22)*.

Целта на овој Урбанистички проект е да се формира градежна парцела со површини за градба на објекти на **КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга, со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други**, со што би се овозможила изработка на проектна документација за изградба на повеќе градби наменети за наведеното производство.

Намена на земјиштето и градбата

Со овој урбанистички проект се планира следната поединечна намена:

Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други

Во урбанистичкиот проект дозволена е употреба на комплементарни намени. Согласно **Член 80** од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22)*, комплементарна намена означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаи го овозможува остварувањето и употребата на основната намена. Конкретно применлив е став 5 и 6 од истиот член - административни градби или делови од градби во индустриски или производни комплекси. На кровните површини од планираните градби можат да се поставуваат површиниски соларни фотоволтаици, со намена Е1.13.

Трафостаниците, согласно горенаведениот Правилник, спаѓаат во поединечната намена **Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија** и истата претставува комплементарна намена во смисла на член 80 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22)* т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена.

Согласно член 113 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22)* се планира оградување на градежната парцела со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м, со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м.

Во спроведувањето на урбанистичките планови оградите се поставуваат по правило во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

Со овој урбанистички проект **не се планираат**: издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, ветерници или други објекти со височина поголема од 100м, кои би претставувале препреки во воздухопловството.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во рамки на градежната парцела, планирани се тринаесет површини за градење, од кои 11 се за лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, една површина за градење наменета за портирница и една површина за градење за трафостаницата.

Планираните параметри од планираната **градежна парцела 1** се во рамките на дозволените согласно *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22)*, и тоа:

Табела 3 - Нумерички показатели

УПВОУП со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други КО Мороишта, Општина Струга	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (m2)	КЛАСА НА НАМЕНА	ВИСОЧИНА ДО ГОРЕН ВЕНЕЦ (m)	КАТНОСТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m2)	НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА	ОБЈЕКТ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ (m2)	ВКУПНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (%)	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО ГП (%)	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА
	1	23096.83m2	Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други	H=12.00m	П+1	23096.83m2	1.1	Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други	605.15m2	1210.30m2	39.77%	0.79	27.58%	Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20 и 219/21) и изнесува 69 паркинг места
				H=12.00m	П+1		1.2		605.15m2	1210.30m2				
				H=12.00m	П+1		1.3		605.15m2	1210.30m2				
				H=12.00m	П+1		1.4		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.5		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.6		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.7		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.8		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.9		1339.55m2	2679.10m2				
				H=12.00m	П+1		1.10		1339.55m2	2679.10m2				
				H=12.00m	П+1		1.11		1339.55m2	2679.10m2				
				H=3.00m	П		1.12	Трафостаница	6.00m2	6.00m2				
				H=3.00m	П		1.13	Портирница	9.00m2	9.00m2				
		23096.83m2				**23096.83m2**			**9185.35m2**	**18355.70m2**	**39.77%**	**0.79**	**27.58%**	

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Табела 4 - Билансни показатели од планирана состојба на проектниот опфат

БИЛАНСНИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		Површини (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други КО Мороишта, Општина Струга	23096.83m2	100.0
ВКУПНО		**23096.83m2**	100.0

Табела 5 - Билансни показатели од планирана состојба на градежната парцела

БИЛАНСНИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА		Површини (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	Сообраќајни површини во рамки на ГП	4165.13m2	18.0
	Поплочени површини во рамки на ГП	3376.34m2	14.6
	Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други КО Мороишта, Општина Струга	9185.35m2	39.8
	Зеленило во рамки на ГП	6370.01m2	27.6
ВКУПНО		**23096.83m2**	100.0

ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

До градежната парцела колскиот пристап е обезбеден преку новопланирана Индустриска улица 1-1 од западната страна на парцелата. Истиот продолжува со внатрешна пристапна површина до паркинг простор.



Со изработка на урбанистичкиот проект, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за предметниот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапната внатрешна сообраќајница, истото е усогласено со нивелетата на постојниот пат, како и конфигурацијата на теренот. Подолжниот наклон се движи од 0.30% до 0.67%.

Согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22)* за групата на класи на намена Г - Производство, рударство, енергетика, индустрија „Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата **–** да се обезбедат во рамки на градежната парцела“.
Со овој урбанистички проект обезбедени се 69 паркинг места за лесни моторни возила.

ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ СО ХОРТИКУЛТУРА

Партерното решение се состои од: пристапна сообраќајна површина во рамки на градежната парцела, површина за паркирање, поплочена површина за пристап до објектите и зеленило.

Согласно член 166 и член 169 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22)*, а имајќи ја во предвид основната намена, типот и големината на градбата, во рамки на градежната парцела планирано е **приватно дворно зеленило**.

Планирана е површина со ниско зеленило – трева, средно и високо зеленило.

Утврдениот процент на озеленетост од 27.58% е во согласност со *Законот за урбано зеленило* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 11/18 и 42/20), според кој е потребно минимум 20% озеленетост.

Табела 6 - Билансни показатели на зелени површини:

БИЛАНСИ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ:		површина на градежна парцела (m2)	површина на зеленило (m2)	процентуална застапеност на зеленило (%)
	Градежна парцела 1	23096.83m2	6370.01m2	27.58%
	ВКУПНО	23096.83m2	6370.01m2	27.58%

ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ

Водоводна и канализациона инфраструктура

Планираниот развој за водовод, фекална и атмосферска инфраструктура се базира на податоците и информациите добиени од ЈП Водовод и канализација Струга и на усвоен ДУП за УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, плански период 2018-2023.

Според добиените податоци од ЈП Водовод и канализација Струга, во близина на проектниот опфат има постојна водоводна линија Ø110 и Ø90 и постоен вод за фекална канализација Ø300, кои се надвор од проектниот опфат.

Согласно добиеното Мислење од страна на ЈП Водовод и канализација Струга, под бр. 09-1029/2 од 17.09.2022 година, јавното претпријатие издава позитивно мислење со Услов инвеститорот сам да извлече своја водоводна линија ПВЦ Ø150, L = 200m, а за фекална канализација по гравитационен пат да се изградат препумпни станици.

Се задолжува инвеститорот да извлече водоводна линија и да се изградат препумпни станици согласно дадените податоци од страна на ЈП Водовод и канализација Струга. За истото, во следна фаза ќе биде изработена посебна проектна документација од страна на овластени стручни лица.

Новопланираните објекти ќе можат да се приклучат на водоводна и канализациона мрежа по реализација на планираните водови со комунална инфраструктура, планирана и димензионирана според технички стандарди, долж профилот на Планираната Индустриска улица 3-3. Истата ќе се разработи со повисоко ниво на планска документација.

Бидејќи нема постојна атмосферска канализација, до реализација на истата се планира атмосферските води да се одведат до најблискиот постоечки реципиент во зависност од падот на теренот.

Приклучокот на планираните инсталации да се изврши според важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

При изработка на основните проекти, во зависност од конкретната дејност во градбите, задолжително да се предвиди соодветно техничко решение за атмосферските и отпадните фекални води, со предвидување на соодветни технички зафати за нивно пречистување, со предтретман, при што квалитетот на водата што се испушта треба да биде еквивалентен на квалитетот на комуналните отпадни води кои дополнително се пречистуваат во пречистителна станица пред испуштање во реципиентот т.е. да биде во согласност со Уредбата за класификација на површинските води („Сл. весник на РМ“, бр. 99/16 и 246/18).

Електро-енергетска инфраструктура

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

Едновремената ел. моќност за градби на предметниот проектен опфат изнесува:

Pen = 751 kW

Врз основа на потребите на градежната парцела обезбедена е една трафостаница како комплементарна намена со класа на намена Е1.8 – трафостаница.

Предвиден е новопланиран среднонапонски кабел 10(20)kV подземен вод и заштитен појас до новопланирана трафостаница објект бр. 1.12.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Во опфатот е планирана дислокација на постојниот 0.4kV надземен вод, на локација/траса покрај планирана внатрешна сообраќајница со 0.4kV подземен вод. Исто така, инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на документација за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН Македонија.

Телекомуникациска мрежа

Според добиените податоци и информации од Македонски Телеком АД Скопје нема постојни телекомуникациски инсталации во предметниот проектен опфат.

Од Агенцијата за електронски комуникации е добиена информација дека на посочената локација немаат податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

2.4 Детални услови за проектирање и градење

УПВОУП со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други КО Мороишта, Општина Струга	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (m2)	КЛАСА НА НАМЕНА	ВИСОЧИНА ДО ГОРЕН ВЕНЕЦ (m)	КАТНОСТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m2)	НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА	ОБЈЕКТ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ (m2)	ВКУПНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (%)	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО ГП (%)	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА
	1	23096.83m2	Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други	H=12.00m	П+1	23096.83m2	1.1	Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други	605.15m2	1210.30m2	39.77%	0.79	27.58%	Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20 и 219/21) и изнесува 69 паркинг места
				H=12.00m	П+1		1.2		605.15m2	1210.30m2				
				H=12.00m	П+1		1.3		605.15m2	1210.30m2				
				H=12.00m	П+1		1.4		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.5		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.6		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.7		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.8		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.9		1339.55m2	2679.10m2				
				H=12.00m	П+1		1.10		1339.55m2	2679.10m2				
				H=12.00m	П+1		1.11		1339.55m2	2679.10m2				
				H=3.00m	П		1.12	Трафостаница	6.00m2	6.00m2				
				H=3.00m	П		1.13	Портирница	9.00m2	9.00m2				
		23096.83m2				**23096.83m2**			**9185.35m2**	**18355.70m2**	**39.77%**	**0.79**	**27.58%**	

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1

- На градежната парцела 1 се предвидени 11 се за лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, со вкупна површина под градби 9170.35м^2 и вкупна развиена површина од 18340.70м^2, истите имаат максимална височина од 12.00м и катност од П+1. Предвидена е и една површина за градење наменета за портирница, со површина под градба и вкупна развиена површина од 9м^2 и има максимална височина од 3.00м и катност од П. Површината за градење предвидена за трафостаница е со површина под градба и вкупно развиена површина од 6м^2, со максимална височина од 3.00м и катност од П. Вкупната површина под градби во рамки на ГП изнесува 9185.35м^2, а вкупната развиената површина изнесува 18355.70м^2. Процентот на изграденост на градежна парцела 1 изнесува 39.77%, а коефициентот на искористеност 0.79.
- Пристапот во градежната парцела е обезбеден преку новопланирана Индустриска улица 1-1 од западната страна на парцелата. Истиот продолжува со внатрешна пристапна површина до паркинг простор.
- Да се обезбеди задолжителниот минимален процент од 20% на зеленило во рамки на сопствената градежна парцела како основен услов за добивање на Одобрение за градење. За конкретната ГП изнесува 6370.01м^2, односно обезбедени се 27.58% зеленило.
- Одобрение за градба ќе се издаде врз основа на одобрена проектна документација, изработена согласно *Законот за градење* (Сл. весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18. 168/18, 244/19, 18/20 и 279/20 и 227/22) и друга подзаконска регулатива произлезена од него.
- Потребен број на паркинг места да се обезбеди во рамки на сопствената градежна парцела како основен услов за добивање на Одобрение за градење и истиот е дефиниран според член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22)* и тоа за намена:

  Г2.2 - Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други - во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата **–** да се обезбедат во рамки на градежната парцела.
- За добивање на Одобрение за градење, да се почитуваат Условите за градење во рамки на границите на градежната парцела дадени погоре како и да се почитува *Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22)*.

2.5 Мерки за заштита

2.5.1 Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува проектниот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за заштита на природата („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04 , 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13 и 146/15);
- Закон за води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на површинските води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 99/16);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 18/99 и 71/99);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15 и 31/16);
- Закон за управување со отпадот („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за земјоделско земјиште („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и 161/19);
- Правилник за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22);
- Закон за градење („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 130.09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22);
- Правилник за стандарди и нормативи за проектирање („Сл.весник на Р.Македонија“, бр. 60/12, 29/15, 32/16 и 114/16) и други законски и подзаконски акти.

Право и должност е на Република Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Законот за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/0948/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;

- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки и активности** (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува подршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

- **Оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина**

Согласно Законот за животна средина („Сл.весник на Р.Македонија“бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) и Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утрдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“бр. 74/05), за проектите кои се наведени во Прилогот II од Уредбата, при изработка на основните проекти треба да се утврди потреба за спроведување на постапката за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од Уредбата, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Во фазата на спроведување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга,** доколку не се спроведува оцена на влијанијата на проектот врз животната средина, да се почитуваат Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначаникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје („Службен весник на Р.Македонија„) бр.32/12 и Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина, „Службен весник на Р.Македонија„ бр.36/12).

- **Природни реткости**

  Врз основа на добиените *Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија* (тех бр. Y22621 од септември год.), согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се изработува **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга,** со површина од 2,31 ha, се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Сл.весник на Р.Македонија, бр. 75/10), Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на Р.С.Македонија“, бр.45/20), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Организација.

Согласно донесениот План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20), проектниот опфат се наоѓа во заштитна зона во границите на природното наследство на Охридското Езеро, односно во III заштитна зона, формирана на деловите под кота 866 м.н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени или, главно се користат за земјоделсо производство.

- **Мерки за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух**

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04 , 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15).

Амбиентен воздух е надворешен воздух во тропосферата во кој не е опфатен воздухот на работното место, а неговиот **квалитет** е состојба на амбиентниот воздух, прикажан преку степенот на загаденост.

Извори на загаденост на амбиентниот воздух согласно овој закон се:

1. инсталации кои се користат во технолошки процеси и енергетски градби (стационарни извори);
2. мотори со внатрешно согорување вградени во возила (подвижни извори);
3. горива.

Управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух се врши преку:

- оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и
- донесување и спроведување на проектен документи.

Заради реализирање на квалитетот на амбиентниот воздух согласно овој закон, како и за нивно планирање и реализирање, се изработуваат:

1. Национален план за заштита на амбиентниот воздух (План) и
2. Програма за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентнот воздух (Програма).

Планот го донесува Владата на Република Македонија, а Програмата, на предлог на градоначалникот, ја донесува Советот на општината.

Мониторингот на состојбите и промените на квалитетот на амбиентниот воздух, се врши на начин и под услови утврдени со овој закон.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кој се јавуваат по постојниот локален пат од предметниот проектен опфат. Моторниот пристап до постојните и планираните градби во внатрешноста на паркот, како и заштитните мерки - противпожар се решаваат режимски.

Од горенаведеното може да се заклучи дека загадувањето од издувните гасови од возилата нема да има битно влијание на третираниот простор.

- Мониторинг на емисии од стационарни извори

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1) инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2) обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

- Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

- **Мерки за заштита на води**

Добиено е позитивно мислење од страна на Сектор за води при Управата за животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање под бр. 11-6665/2 од 07.10.2022 година, во постапката за усвојување на УП. По увидот во изработената планско-проектна документација во Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга, Министерството за животна средина и просторно планирање утврди дека при изработка на истиот е предвидено исполнување на критериумите од аспект на заштита на водите.

Утврдено е дека постоечкиот одводнителен канал во надлежност на АД Водостопанство на Република Северна Македонија и предвидениот заштитен појас од 10м е во законски рамки.

Согласно важечката законска регулатива, задолжително испитување на пречистените води, пред испуштање во најблискиот природен реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредба за класификација на површинските води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 99/16).

При изработка на основните проекти, во зависност од конкретната дејност во градбите, задолжително да се предвиди соодветно техничко решение за атмосферските и отпадните фекални води, со предвидување на соодветни технички зафати за нивно пречистување, со предтретман, при што квалитетот на водата што се испушта треба да биде еквивалентен на квалитетот на комуналните отпадни води кои дополнително се пречистуваат во пречистителна станица пред испуштање во реципиентот т.е. да биде во согласност со Уредбата за класификација на површинските води („Сл. весник на РМ“, бр. 99/16 и 246/18).

- **Управување со отпадот**

Со Законот за управување со отпадот („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) се уредуваат: управувањето со отпадот, плановите и програмите за управување со отпадот, правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот, начин и условите под кои може да се врши собирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот и др.

Целите на овој закон се да се обезбеди**:**

- избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;
- искористување на употребливите состојки на отпадот;
- одржлив развој, преку зачувување и заштита на природните ресурси;
- спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина;
- остранување на отпадот, на начин што е прифатлив за животната средина и
- висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Управувањето со отпадот е дејност од јавен интерес, која се врши во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Приоритети при управување со отпадот:

1. Создавачите на отпад се должни, во најголем мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2. При управување со отпадот, по предходно извршена селекција, отпадот треба:

- да биде преработен по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или

- да се користи како извор на енергија.

Правните и физичките лица кои преземаат одредени активности во процесот на производството, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи коишто, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадувањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.

Надлежните органи на Република Македонија, општините, правните и физичките лица кои управуваат со отпадот, во согласност со овој закон, се должни да донесуваат и да спроведуваат стратешки, проектен и програмски документи за управување со отпадот.

План за управување на отпад на Р.Македонија, се донесува за период од шест години. За реализација на Планот за управување со отпадот на Р.Македонија, советот на општините, донесуваат план за управување со отпадот на општината, за период од три години, а не подолго од шест години.

Складирање и собирање на отпадот

За цврстиот отпад се предвидува поставување на канти и контејнери за отпадоци на погодни места и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа е се спречи загадување на почвата и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина.

- **Мерки за заштита од бучава во животната средина**

Управувањето со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина е предмет на уредување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15).

Цели на овој закон се:

1. создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава;
2. преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата;
3. преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување;
4. остранување или намалување на штетните ефеки кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина и
5. обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура и др.

Определување на мерки за заштита од бучава во животната средина

Правните и физичките лица се должни да и преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниско ниво на бучава;

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, средства и апарати наменети за помош во домаќинството, кои создаваат бучава во рамките на граничните вредности на ниво на бучава;

- да одбираат, набавуваат и употребуваат производи на кои постои ознака за јачината на звукот кој го предаваат,

- да изведуваат градежни работи, како и да превземаат заштитни мерки, на начини и со цел намалување на бучавата и нејзиното доведување во рамките на граничнит вредности на ниво на бучава;

- да изведуваат градби кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава кои се однесуваат на вградување на соодветна звучна изолација на градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството;

- да вградат или постават соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава;
- да ги извршуваат своите активности на начин кој не дозволува предизвикување од бучава на животната средина над граничните вредности на ниво на бучава;
- да се воздржат од преземање на дејствија и активности кои создаваат непријатност од бучава кај луѓето;
- мониторинг на бучавата согласно со интегрираните еколошки дозволи и
- да превземат други мерки со цел за заштита од бучава.

2.5.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15 и 42/20), Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), Законот за пожарникарството („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со:

- Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),
- Законот за пожарникарството („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19),

како и:

- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10),
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10) и
- Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;

- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат **План за заштита и спасување** од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) а во функција на уредување на просторот задолжително се, обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства

- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), се предвидуваат следните урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- Засолнување
- Заштита и спасување од поплави
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средатва
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација,
- Згрижување на загрозеното и настраданото население
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- Прва медицинска помош
- Заштита и спасување на животни и производи од животински потекло
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- Асанација на теренот.

Дел од овие урбанистичко-технички мерки потребно е да се применат во границите на третираниот проектен опфат, како во рамките на урбанистичкото планирање, така и при изработка на основните проекти на градбите предвидени со оваа проектна документација.

Урбанистичко технички мерки кои се предвидуваат во овој урбанистички проект, согласно добиените Претходни услови од ДЗС – ПО Струга, се:

<u>Заштита и спасување од поплави, уривања на брани и други атмосферски непогоди</u>

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 67, заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита од поплави заради обилни врнежи е обезбедено со правилно димензионирање на атмосферската и канализациона мрежа.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлози и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи.

Од изработка на елаборатите се иземаат станбени градби со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со:

- Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19),
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10),
- Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување – евакуација на населението („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 101/10),
- Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05),
- Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 94/09),
- Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РСМ“ бр. 231/20),
- Правилник за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гасење на пожари („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 26/18), како и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, проектен опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од **Струга**. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари. Затоа потребно е планираната сообраќајна инфратруктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, доводната мрежа на вода да е со капацитет кој овозможува напојување на надворешната хидрантска мрежа околу градбите, во согласност со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

Исто така, во проектната документација која се изработува врз основа на Законот за градење, потребно е да се предвидат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непречен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивставени страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5 метри, а најмногу 80 метри.

При проектирање и изведување, ако објектот се гради до веќе постоечка градба, или се градат две нови градби, меѓусебното растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби, сметано од котата на терен до котата на венец, согласно член 21 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РМ“ бр. 231/20) и да се почитуваат безбедносните зони за опасните материи.

Согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РМ“ бр. 231/20), широчината на коловозот на пристапниот пат, за еднонасочен сообраќај и движење на противпожарните возила се проектира така да не биде помала од 3.5м, односно 5,5м за двонасочен сообраќај.

Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

При дефинирањето на градбите во рамките на градежните парцели земено е во предвид потребното минимално растојание меѓу градбите од аспект на префрлање на пожарот од една до друга градба во зависност од предвидената висина на градбите и од противпожарната оптовареност на истите.

За градбите за кои не се однесува оваа одредба ќе се применуваат важечките мерки нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Согласно член 76 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Јавното претпријатие што стопанисува со водоводната мрежа во градот е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во проектен опфат која е предмет на проектната документација.

При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на проектниот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

Заштита и спасување од урнатини

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 81, заштитата и спасувањето од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни превземено од опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

За заштита на предметниот плански опфат од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00м, на коридорот на улиците;

- при рушење објектот ја зафаќа х/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на мерките за заштита на спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија“ 100/10 год.).Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на мерките за заштита на спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија“ 100/10 год.)

Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето

Предметниот опфат се наоѓа на терен во благ пад, на кој би можело да се очекува настанување на свлекување на земјиште. При изработка на основни проекти, доколку се јави потреба, да се изготви Елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

2.5.3 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Согласно член 189 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22)*, мерките за пристапност и проодност, како и за надминувањето на урбаните бариери, што се составен дел на урбанистичките планови се однесуваат на:

1. јавни сообраќајни и други пешачки површини на земјиште за општа употреба од групите на класи на намени Д и Е,
2. станбени и станбено-деловни згради со десет и повеќе станови од групата на класи на намени А, и
3. градби за јавна употреба со институционални, деловни и комерцијални намени од групите на класи на намени Б и В.

Со овој урбанистички проект се планираат градби од поединечната класа на намена **Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други** и не се предвидуваат посебни мерки.

2.5.4 Мерки за заштита природното и на културното наследство

За предметниот проектен опфат, констатирано е дека нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р.Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 71/14, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

- Мерки од аспект на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион

Согласно донесениот *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20), проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитните зони во граници на ГУП на Струга (културно наследство) и истото е прикажано во графички прилог со карта од Урбанистичкиот проект.

Согласно донесениот *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20), проектниот опфат се наоѓа во **заштитна зона во границите на природното наследство на Охридското Езеро,** односно во III заштитна зона.

Третата заштитна зона е формирана на деловите под кота 866 m н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени или, главно се користат за земјоделско производство.

Третата заштитна зона ги опфаќа просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми), што се застапени меѓу котата 866 m н.в. и надворешната граница на првата заштитна зона. Во оваа зона ќе се овозможи развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но ќе се дефинираат посебни услови.

Забранети активности во заштитна зона III:

- интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземни води;
- изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена за влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

Врз основа на добиеното стручно мислење од страна на Минстерство за заштита на животна средина и просторно планирање – Сектор за природа, под бр. 11-2784/2 од 18.05.2022 година, утврдено е дека проектниот опфат не се наоѓа во граници на заштитено подрачје утврдено со закон (Национален парк, Споменик на природа, Парк на природа, Заштитен предел или Повеќенаменско подрачје), односно дека се наоѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион чијашто заштита и управување е уредено во Законот за заштита на природата ("Сл. весник на РМ", бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 , 59/12, 13/13,163/13, 41/14,146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро ("Сл. весник на РМ", бр.45/77), Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиит регион ("Сл. весник наРМ"), бр,75/10) и Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029 ("Сл. весник на РСМ"), бр.45/20).

Предметниот проектен опфат согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029 ("Сл. весник на РСМ", бр,45/20), се наоѓа во Третата заштитна зона која ги опфака просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми) што се застапени помеѓу котата 866 м.н.в и надворшната граница на Првата заштитна зона.

Во оваа зона согласно утврдените мерки на заштита дефинирани во поглаавјето 9.2.1.3 од наведениот План за управување, се забранува: (1) интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземните води, (2) зголемување на урбаните опфати на населбите за не повеќе од 20 *%,* (3) изградба на инфраструктурни градби освен кога проектите се од јавен интерес и (4) други активности кои можат да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

Земајки го во предвид изнесеното со посебен акцент на фактот дека проектниот опфат согласно Поглавјето 1.1 - Површина и опис на граници на проектен опфат од Документационата основа се наоѓа источно од ГУП на град Струга - УЕ 12 (индустриска зона), МЖСПП – Сектор за природа, известуваат дека од аспект на заштита на природата немаат забелешки по истиот.

Истовремено известуваат дека при изработката и донесувањето ма Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/256, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, општина Струга, покрај режимот на заштита утврден во Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиит регион со Акциски план (2020-2029), целосно треба да се почитуваат и применуваат законските одредби дефинирани во член 2, став 2 и став 3, член 6, член 9, алинеа 4, од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл. Весник на РМ, бр. 75/10).

Согласно член 17 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ("Сл. Весник на РМ", бр. 75/10), предметната документација е потребно да се достави на мислење до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион именувана од страна на Владата на РСМ ("Сл. Весник на РСМ", бр. 143/20).

Врз основа на добиеното Мислење од страна на Управата за заштита на културно наследство при Министерството за култура, под бр. 08-909/4 од 15.07.2022 година, во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Во текстуалниот дел од планот вградена е обврската, во случај да се појави археолошко наоѓалиште да се настапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на кутурното наследство ("Сл. Весник на РМ", бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15,192/15, 39/16,11/18 и 20/19).

Со оглед на тоа, од аспект на заштита на културното наследство, усвојувањето на планско-проектната документација може да продолжи.

2.5.5 Други мерки

Согласно добиените податоци и информации од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство (АЦВ), утврдено е дека дека планскиот опфат / објектот се наоѓа **во зоната** на аеродромот Св. Апостол Павле - Охрид, во т.н. конусна рамнина, со елевација од 815мнв, односно на 5.583м од референтната точка на аеродромот, каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запазат следните одредби:

1. Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не ја надминува елевацијата од 815мнв.
2. Издвоени антенски столбови или столбови поставени на објект со височина поголема од 15м.
3. Оџаци со височина поголема од 30м.
4. Ветерници.

Заради потребата од следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, **потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со барање за издавање на согласност или издавање на соодветни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај доколку објектите или планскиот опфат имаат содржини спротивни на претходно наведените**, а согласно член 68 од Законот за воздухопловство *("Службен весник на РМ" бр. 48/2020 - пречистен текст).*

Од Јавното претпријатие колекторски системи, добиен е одговор дека во моментов не поседуваат нивни инсталации на наведената локација. Новопроектираните урбани единици од Деталниот урбамистички план за УЕ 12 (индустриска зона), дел блок 30, општина Струга на кој би се приклучила и оваа урбана единица, фекалната канализација во согласност со одредбите од член 150 од Законот за води се приклучуваат на колекторскиот систем, кои ги евакуира загадените води во пречистителната станица во с.Ложани и пречистени ги испушта во рецепиентот реката Црн Дрим. Атмосферските води преку атмосфсрската канализација се евакуираат директно во рецепиентот Цри Дрим.

Од страна на Управа за животна средина, Сектор за води, добиени се информации од аспект на заштита на водите, при што е утврдено дека планскиот опфат не опфаќа ниеден постојан или не постојан воден тек, а притоа е внатре во границита на Природното и културно наследство на Охридскиот Регион - УНЕСКО. Предметниот опфат не е во рамки на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа од Просторниот План на Република Македонија 2002-2020, и е утврдено дека предметниот плански опфат е надвор од границите на заштитните подрачја.

Со оглед на тоа што предметната локација навлегува внатре во заштитеното подрачје на УНЕСКО-Природно Културно наследство во постапката за изработка на Проект за инфраструктура треба да се добијат соодветни податоци и информации од Комисијата за УНЕСКО. Во меѓувреме е донесен Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион (2020-2029) изработен согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и се темели на препораките на УНЕСКО, ИКОМОС и ИУЦНН. (Сл. Весник бр. 45/2020 од 18.02.2020 година).

АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост - Скопје, има доставено известување дека во границите на планскиот опфат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други КО Мороишта - вгр, Општина Струга, потребно е да се внимава на КП 1264 ИЛ 169 КО Мороишта, Општина Струга, парцела означена како река, а се наоѓа на границата на дадениот опфат, со напомена : При реализација да се постапува согласно одредбите од Законот за води.

Врз основа на наведеното, обезбеден е заштитен појас од 10м во Урбанистичкиот проект.


ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ
– УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		Површини (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други КО Мороишта, Општина Струга	23096.83m2	100.0
ВКУПНО		**23096.83m2**	100.0

БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА		Површини (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	Сообраќајни површини во рамки на ГП	4165.13m2	18.0
	Поплочени површини во рамки на ГП	3376.34m2	14.6
	Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други КО Мороишта, Општина Струга	9185.35m2	39.8
	Зеленило во рамки на ГП	6370.01m2	27.6
ВКУПНО		**23096.83m2**	100.0

БИЛАНСИ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ:	површина на градежна парцела (m2)	површина на зеленило (m2)	процентуална застапеност на зеленило (%)
Градежна парцела 1	23096.83m2	6370.01m2	27.58%
ВКУПНО	23096.83m2	6370.01m2	27.58%

УПВОУП со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други КО Мороишта, Општина Струга	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (m2)	КЛАСА НА НАМЕНА	ВИСОЧИНА ДО ГОРЕН ВЕНЕЦ (m)	КАТНОСТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m2)	НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА	ОБЈЕКТ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ (m2)	ВКУПНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (%)	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО ГП (%)	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА
	1	23096.83m2	Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други	H=12.00m	П+1	23096.83m2	1.1	Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други	605.15m2	1210.30m2	39.77%	0.79	27.58%	Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20 и 219/21) и изнесува 69 паркинг места
				H=12.00m	П+1		1.2		605.15m2	1210.30m2				
				H=12.00m	П+1		1.3		605.15m2	1210.30m2				
				H=12.00m	П+1		1.4		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.5		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.6		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.7		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.8		667.25m2	1334.50m2				
				H=12.00m	П+1		1.9		1339.55m2	2679.10m2				
				H=12.00m	П+1		1.10		1339.55m2	2679.10m2				
				H=12.00m	П+1		1.11		1339.55m2	2679.10m2				
				H=3.00m	П		1.12	Трафостаница	6.00m2	6.00m2				
				H=3.00m	П		1.13	Портирница	9.00m2	9.00m2				
		23096.83m2				**23096.83m2**			**9185.35m2**	**18355.70m2**	**39.77%**	**0.79**	**27.58%**	



ЛЕГЕНДА

СООБРАЌАЈНА ПОВРШИНА:
- КОЛОВОЗ
- СООБРАЌАЈНА ПОВРШИНА ВО РАМКИ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ
- ПОВРШИНА ЗА ПАРКИРАЊЕ
- ВЛЕЗ ВО ПАРЦЕЛА ЗА ПЕШАЦИ
- ВЛЕЗ ВО ПАРЦЕЛА ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА
- ВЛЕЗ ВО ПАРЦЕЛА ЗА ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО
- КОТА НА НУЛТА ПЛОЧА

КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПРОФИЛ:
- Пристапна улица со паркинг простор
- НИВЕЛМАН ПОДОЛБЕН
- ВИСИНСКА КОТА

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- ПОСТОЈНА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА (НАДЗЕМЕН ВОД 0.4kV)
- ЕВН 0.4kV СТОЛБ
- ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ПЛАНИРАН ПОДЗЕМЕН ВОД 10(20) kV
- ПЛАНИРАНА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10(20) kV
- ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- катастарска граница
- теренска состојба
- оптат
- канал
- бетонски ѕид
- жичана ограда

ПРЕСЕК 1-1
РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК НА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 2,31 Ха
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ГРАНИЦА НА УРБАНА ЕДИНИЦА (НЕТВРТ)
- ГРАНИЦА НА БЛОК 30, ОД ГУП НА ГРАД СТРУГА
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ДУП ЗА УЕ 12 (ИНДУСТРИСКА ЗОНА), ДЕЛ ОД БЛОК 30, ОПШТИНА СТРУГА, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2023, КОНЦЕПТ ПРЕДЛОГ ПЛАН
- ГРАНИЦА НА ОПФАТ НА ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО МОРОИШТА
- НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ
- МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДБАТА ВО КАТОВИ
- МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДБАТА ВО МЕТРИ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- СРЕДНО ЗЕЛЕНИЛО
- ВИСОКО ЗЕЛЕНИЛО
- ПЛОЧНИК
- ОТВОРЕН РЕГУЛИРАН КАНАЛ
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ОТВОРЕН РЕГУЛИРАН КАНАЛ

КЛАСИ НА НАМЕНА:
- Г — РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
- Г2 — ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- Г2.2 — ЛЕСНА ФАРМАЦЕВТСКА ИНДУСТРИЈА И ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА, МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ, КОНДИТОРСКИ ПРОИЗВОДИ, БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ, ВОДА, ПРЕРАБОТКА НА ГРАДИНАРСКИ ПРОИЗВОДИ И ОВОШЈЕ, ТУТУН И ДРУГИ

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
КОСТУРСКИ ХЕРОЈ БР. 15/1-1/1,А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦИ Бр. 0.095 Бр. 71.3353/A

НАРАЧАТЕЛ
АРБЕН ОДА

СОДРЖИНА
УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

НАСЛОВ: ИЗВОРНО СО НАМЕНА Г2.2 - ЛЕСНА ФАРМАЦЕВТСКА ИНДУСТРИЈА И ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА, МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ, КОНДИТОРСКИ ПРОИЗВОДИ, БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ, ВОДА, ПРЕРАБОТКА НА ГРАДИНАРСКИ ПРОИЗВОДИ ОВОШЈЕ, ТУТУН И ДРУГИ НА КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 И ДЕЛ ОД КП 1063/1 КО МОРОИШТА, ОПШТИНА СТРУГА

ТЕХ.БР. 10-03/21

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА дипл.овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА мма

УПРАВИТЕЛ
СИЛВАНА ВАНОВСКА дипл.овластување 0.0065

РАЗМЕР М = 1: 500 | ДАТА ДЕКЕМВРИ 2022 | ЛИСТ 8

3. ПРОЕКТЕН ДЕЛ

3.1 Технички опис на архитектонските, градежните или другите технички објекти и системи

Архитектонскиот проект кој е составен дел на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга,** претставува идејно решение за објектите на ГП 1.

Со идејниот проект се дава решение на карактеристични објекти: **тип 1, тип 2 и тип 3**.
Објект тип 1 одговара на градби 1.1 и 1.3 со влез од југоисточната страна каде објект 1.2 би се пресликал со обратна поставеност и би одговарал на објект 1.1 и 1.3.
Објект тип 2 одговара на градби 1.4, 1.5, 1.6, 1.7 и 1.8 со влез од југоисточната страна.
Објект тип 3 одговара на градби 1.9 и 1.11 со влез од северозападната страна каде објект 1.10 би се пресликал со обратна поставеност и би одговарал на објект 1.9 и 1.11.

За таа цел во следна фаза на реализација на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга,** врз основа на даденото типско идејно решение, потребно е да се направат посебни основни проекти, согласно *Законот за градење* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11;13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 129/15,217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), при што не смеат да се надминат нумеричките параметри за градежната парцела кои се утврдени во планскиот дел на овој урбанистички проект.

Заради поголема флексибилност и задоволување на идните потреби на сопственикот на градежната парцела, во понатамошната реализација на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга**, можна е изработка и на нови идејни решенија на планираните градби. Истото може да се направи со изработка на посебни идејни проекти, согласно *Законот за градење* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11;13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 129/15,217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), а врз основа на нумеричките параметри за градежната парцела кои се утврдени во планскиот дел на овој урбанистички проект.

Стационарен сообраќај – паркирање: Има планирана внатрешна сообраќајница со ширина од 6.5м преку која ќе се движат товарни возила. Истата завршува со полукружна окретница. Димензиите и применетите сообраќајно-технички елементи се димензионирани и применети за товарен сообраќај. Предвиден е паркинг простор за лесни моторни возила со вкупно 69 паркинг места. Изготвено е нивелационото решение со кое се дефинирани висинските коти и координати на осовински точки како и надолжни наклони на нивелетите.

Нивелационото решение на градежната парцела произлегува од урбанистичкото решение, како и од постојната состојба – конфигурација на теренот и нивелацијата на Индустриска улица 1-1 и Индустриска улица 3-3, според усвоен ДУП за УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, плански период 2018-2023.

Решението е изработено врз база на ажурираната геодетска подлога која содржи хоризонтална и висинска претстава на теренот. Сите сообраќајни површини пешачки и моторни дефинирани се и меѓусебно поврзани со надолжни нагиби на нивелетите, односно дефинирани висински коти. За начинот на пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот проект согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 225/2020 и 219/21) како планска одредба се користат следниве нормативи:

Г - ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА - Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата **–** да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

Со овој урбанистички проект обезбедени се вкупно 69 паркинг места за лесни моторни возила.

